Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
Од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 март 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран , како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

– Усвојување на записниците од 54-та, 55-та, 56-та и 58-та седница на Владата, одржани на 16 март 2021 година, 18 март 2021 година, 22 март 2021 година и 26 март 2021 година.

- Информација за степенот на реализација на мерките за борба против корупција
- Статус на реализација на капиталните инвестиции
- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

1. Записник од Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 29 март 2021 година

2. Информација во врска со сметководствените аспекти на правење на Годишна сметка и финансиски извештаи, како и пресметувањето на амортизацијата во АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје и во ТАВ Македонија

3. Информација за просторните услови за работа и потребата од зајакнување на човечкиот капацитет во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

4. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за давање на претходна согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

6. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Велес и Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Велес

7. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

8. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

9. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

10. Информација за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување со енергетски централи СПХ – МБ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

11. Годишен извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2020 година

12. Информација за утврдување на Дирекцијата за заштита и спасување како корисничка институција (political ownership) за управување со проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка

13. Предлог-одлука за продажба на движна ствар и Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рецеклирање и уништување на отпад (Апелационен суд Гостивар)

14. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на февруари 2021 година

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот КОВИД-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка

16. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бошков Ристо с. Ѓавото-Гевгелија, со Предлог-одлука

17. Информација за спроведената постапка по објавениот Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга со предлог-одлуки за давање на дивечот во ловиштата на користење - концесија и Предлог-одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во дел од ловиштата објавени во Јавниот повик

18. Информација во врска со известувањето на Државниот инспекторат за шумарство и ловство согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија

19. Извештај од преговорите за утврдување на текстот на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

20. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населени места Камењане и Боговиње, Општина Боговиње

21. Информација во врска со измена на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица, со Предлог-решение

22. Информација во врска со измена на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука“ с. Дебреште, Општина Долнени, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Тим’с, Скопје, со Предлог – решение

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сквер, Скопје, со Предлог-решение

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Влахо, Скопје, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Пине - Скопје, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел ТЦЦ Гранд Плаза–Скопје, со Предлог-решение

29. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз - извоз Кавадарци на локалитетот „Прашник", Општина Кавадарци

30. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Охрид

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка

32. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот Договор за безбедност на информации

33. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за надворешно и внатрешно реновирање на објектот во Канбера на адреса: „11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603" за потреби на Резиденција и три станови за дипломати, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

34. Информација за потребата од донесување на Годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2021 година, со Предлог – годишен план

35. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Гелевски против Северна Македонија А.бр. 28032/12, со Предлог-одлука

36. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија"

37. Информација за формирање Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, со Предлог-одлука

38. Меморандум за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија

39. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1385 на Советот од 1 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

40. Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2019 година

41. Информација за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 – 2021 година

42. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа

43. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

44. Иницијатива доставена од Дарко Јаневски од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 27/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21)

45. Иницијатива поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 5/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21 став 1 точки 6 и 7, член 337 став 1 точка 3 и член 474 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018)

46. Барање за давање на автентично толкување на член 3 точка 8, член 19 и член 20 од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 14/20), а во врска со членот 112 став (5) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), поднесено од пратеникот Снежана Калевска Ванчева

47. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15431 и 15672 за КО Горно Лисиче-Вонград на КП бр. 3869 во викано место/улица Купријан

48. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1455 за КО Центар 1 на КП бр. 8532 викано место Ј.Сандански со површина од 37м2, со дополнување

49. Понуда од нотар Роза Николова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 55444 за КО Центар 1 на КП бр. 10098

50. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 3007 и Имотен лист бр. 17489 за КО Кавадарци на КП бр. 14466 во место викано Галишка

51. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96617 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1, КП бр. 8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр. 8282 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 11 викано место/улица 171

52. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр. 573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци

53. Известување од извршител Моника Муча од Скопје, за налог за извршување, доставен под И.бр. 472/2020, за КО Ѓорче Петров 2

54. Известување од Извршител Даница Страчкова од Скопје за Заклучок за прва повторена усна јавна продажба, доставен под И.бр. 568/19 за КО Матка-вонград

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за февруари 2021 година

58. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година

59. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година

60. Годишен извештај за работа на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2020 година

61. Годишен извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2020 година

62. Годишен извештај за 2020 година на Управата за финансиска полиција

63. Информација во врска со работата на Градски трговски центар Скопје, како и текот, односно користењето на паричните средства во износ од 109.000.000,00 денари депонирани на банкарската сметка во Уни банка АД Скопје, во сопственост на АД ГТЦ Скопје

64. Информација за реализација на Програмата за заштита на природата за 2020 година

65. Информација за полугодишен извештај за реализиција на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција

66. Информација за формирање на координативно тело за поддршка и одржлив развој на Преспанскиот Регион, со Предлог-одлука и Предлог-решение

67. Информација за потребата од донесување на одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари, Општина Штип, Општина Кочани, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Берово, Општина Пехчево, Општина Куманово, Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Прилеп, Општина Битола, Општина Берово, Општина Велес и Општина Крива Паланка, со предлог–одлуки

68. Информација во врска со статусот на обештетување на поплавените лица во Скопскиот Регион за поплавените од август 2016 година

69. Предлог-одлука за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска

70. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Министерството за информатичко општество и администрација и на Министерството за локална самоуправа, со предлог–одлуки

71. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државниот завод за ревизија, со Предлог-одлука

72. Информација за добивање согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за управување со одземен имот

73. Информација со статус на реализација на економски мерки за справување со КОВИД-19, со Извештај

74. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, по скратена постапка

75. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по скратена постапка

76. Меморандум за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 Д автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија

*

*　　*

Владата без забелешки ги усвои записниците од 54-та, 55-та, 56-та и 58-та седница на Владата, одржани на 16 март 2021 година, 18 март 2021 година, 22 март 2021 година и 26 март 2021 година.

*

*　　*

- Информација за степенот на реализација на мерките за борба против корупција

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за степенот на реализација на мерките за борба против корупција и заклучи:

- во однос на Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција (Точка 83) разгледана на Педесеттата седница на Владата, одржана на 2 март 2021 година, заклучоците број 21 и 25 да се изменат и да гласат:

„21. Се задолжува Министерството за финансии - Биро за јавни набавки во рок од девет месеци да подготви наменска обука за сите договорни органи за: планирањето на набавките, начин и методи за истражување на пазарот, изработка на техничките спецификациии за стоки, услуги и работи, правилно и стразмерно утврдување на условите за учество и критериуми за избор на најповолна понуда и други содржини во насока на отстранување на сите слабости кои може да доведат до недоследно придржување кон начелата за јавни набавки." и

„25. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа во рок од 90 дена да изготват и јавно да го објават на своите веб страници годишен план за спречување на корупцијата соодветен на нивната надлежност".

- Статус на реализација на капиталните инвестиции

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими укажа на потребата на итна реализација на капитални расходи, со оглед дека заклучно со 31 март 2021 година ќе отпочне да функционира нов механизам (за 15% резервирање) за институциите што не реализирале на тоа ниво.

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

Министерот за култура, д-р Ирена Стефоска ги информираше членовите на Владата за претстојниот состанок на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, за статусот на Охридскиот Регион, кој ќе се одржи помеѓу 16 и 31 јули 2021 година.

Истовремено, Владата заклучи Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (согласно заклучокот од 57-та седница на Владата, одржана на 23 март 2021 година), доставена од Општина Охрид, под бр. 09-3141/1 од 30 март 2021 година да се разгледа на наредната седница на Владата.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Триесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 29 март 2021 година.

<u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со сметководствените аспекти на правење на Годишна сметка и финансиски извештаи, како и пресметувањето на амортизацијата во АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост - Скопје и во ТАВ Македонија и согласно укажувањата под реден број 4 од Мислењето на Министерството за финансии ја усвои со следниот заклучок:

- АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост – Скопје да продолжи и понатаму да ја пресметува амортизацијата на основните средства кои ги користи ТАВ Македонија имајќи го во предвид делот од точка 55 од МСС 16- Недвижности, постројки и опрема кој се однесува за тоа кога едно средство може да престане да се депрецира, односно „средството престанува да се

депрецира на првиот датум од датумот кога средството е класифицирано како средство што се чува за продажба (или е вклучено во група за отуѓување што е класифицирана како чувана за продажба), во согласност со МСФИ 5 и датумот кога средството е отпишано. Според тоа, средството не престанува да се депрецира кога тоа останува неискористено или се повлекува од активна употреба освен кога средството е целосно депрецирано.
Меѓутоа, според методите на депрецијација поврзани со користење на средството, трошокот за депрецијација може да биде нула се додека нема производство".

Имајќи го предвид претходно наведеното, а земајќи во предвид дека наведените средства се веќе еднаш ставени во употреба со веродостојно признавање на вредноста на истите, АД „Аеродроми на Република Северна Македонија", во државна сопственост – Скопје да продолжи и понатаму да ја пресметува амортизацијата на основните средства кои ги користи ТАВ Македонија.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за просторните услови за работа и потребата од зајакнување на човечкиот капацитет во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од усогласување на материјалот со Министерството за финансии, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за давање на претходна согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Велес и Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Велес и притоа заклучи:

- Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

- По влегување на сила на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Велес и нејзино спроведување во Агенцијата за катастар на недвижности, Владата да ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Велес.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката со заклучок Општина Могила да постапи согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски и до Министерството да достави обновена документација, за да може со точност да се утврди фактичката состојба, по што Министерството за транспорт и врски до Владата ќе достави соодветно мислење.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за изградба и управување со енергетски централи СПХ – МБ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање

согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за утврдување на Дирекцијата за заштита и спасување како корисничка институција (political ownership) за управување со проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, на секои три месеци, да ја информира Владата за напредокот во реализација на проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка, сé до негово финално завршување.

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, врз основа на барањето од Канцеларијата на Светска Банка во Скопје, од 3 декември 2020 година, во рок од 10 дена да донесе правен акт (решение) за формирање на работната група за спроведување и реализација на проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 20 дена, да подготви и испрати Известување до Светска банка, со кое ќе ги извести за институцијата која ќе биде надлежен орган и координатор на новоформираната работна група за спроведување и реализација на проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран

пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка.

4. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Националниот координатор за намалување на ризици од катастрофи и Центарот за управување со кризи, кои имаат номинирано учесници во работната група, да учествуваат во активностите за реализација на проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка, до завршување на проектот во август 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, да ја предложи за усвојување ревидираната Национална стратегија за заштита и спасување до Владата, како резултат од проектот Техничка помош за зајакнување на системот за управување со катастрофи на Северна Македонија, преку развивање Национална стратегија за заштита и спасување и преглед на клучните придружни национални планови и документи за процена на користење на модифициран пристап за решавање на предизвици поставени од КОВИД-19 пандемијата, поддржан од Светска банка, по завршување на истиот во август 2021 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 13

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст, и

2. Најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (февруари 2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - средствата за реализација на надградбата на системот за поврзување со Централниот регистар на население да се обезбедат во рамки на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот КОВИД-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Борче Јоновски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Диље, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 16**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бошков Ристо с. Ѓавото-Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведената постапка по објавениот Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга со предлог-одлуки за давање на дивечот во ловиштата на користење - концесија и Предлог-одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во дел од ловиштата објавени во Јавниот повик и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштето бр. 7 „Кишино“ и ловиштето бр. 8 „Џумајлија“, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Тажево“ на користење - концесија, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Рожден“ на користење - концесија, во предложениот текст.

4. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 2 „Копришница“ на користење - концесија, во предложениот текст.

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 2 „Главовица“ на користење - концесија, во предложениот текст.

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 1 „Сараево“ на користење - концесија, во предложениот текст.

7. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 2 „Ратевска река“ на користење - концесија, во предложениот текст.

8. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 3 „Палазлија“ на користење - концесија, во предложениот текст.

9. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Џами Тепе“ на користење - концесија, во предложениот текст, со укажување, договорот да биде потпишан откако Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги Арекспорт ДООЕЛ увоз - извоз, Струмица ги плати јавните давачки.

10. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Чифлик“ на користење - концесија, во предложениот текст.

11. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 1 „Каменица“ на користење - концесија, во предложениот текст.

12. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Велешта“ на користење - концесија, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид дека пред завршување на постапката, од страна на тројца понудувачи се поднесени жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки, кои се однесуваат на јавното отварање за ловиштата Кишино и Џумајлија од ловен реон Свети Николе и ловиште Тажево од ловен реон Македонски Брод и дека до Комисијата сеуште не била доставена одлука од надлежниот орган по поднесените жалби.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со известувањето на Државниот инспекторат за шумарство и ловство согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство да номинира по едно лице за формирање на комисии за утврдување на штети причинети од дивеч под трајна заштита за сите подрачни единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство во рок од 7 дена да достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство список на номинирани за формирање на комисии за утврдување на штети причинети од дивеч под трајна заштита.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот од преговорите за утврдување на текстот на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Спогодба и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

2. Се определува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населени места Камењане и Боговиње, Општина Боговиње и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населени места Камењане и Боговиње Општина Боговиње, со следнава динамика на реализација:

- 2021 година 78.454.500,00 денари
- 2022 година 85.425.500,00 денари и
- 2023 година 109.253.500,00 денари

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства за изградба на фекална канализација во населени места Камењане и Боговиње, Општина Боговиње да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измена на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица, со најнов текст на Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измена на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево со нов текст на Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–варовник на локалитетот „Мирковец“, Општина Василево, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука“ с. Дебреште, Општина Долнени, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Остра Чука“ с. Дебреште, Општина Долнени, во предложениот текст, доколку Министерството за транспорт и врски достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Тим'с, Скопје (со седиште на ул. „Орце Николов“ бр. 120 Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сквер, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сквер, Скопје, со седиште на ул. Никола Вапцаров бр. 2/6 Скопје, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Влахо, Скопје (со седиште на ул. 9-ти Мај бр. 3, Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Пине - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Пине, ул. Миле Поп Јорданов бр. 1 Б - Скопје, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел ТЦЦ Гранд Плаза–Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел ТЦЦ Гранд Плаза-Скопје, со седиште на ул. 8–ми Септември, бр. 2/2, за хотел од прва категорија со пет ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата условно ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз - извоз Кавадарци на локалитетот „Прашник“, Општина Кавадарци, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави позитивно мислење по материјалот.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Охрид, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата, на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка, за наредната седница на Владата, откако истиот претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 32

Владата го разгледа текстот на Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот Договор за безбедност на информации, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Пајо Авировиќ, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 33

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за надворешно и внатрешно реновирање на објектот во Канбера на адреса: „11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603“ за потреби на Резиденција и три станови за дипломати, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата откако

претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2021 година, со Предлог – годишен план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2021 година, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во рок од три дена да формира седумчлена работна група за проектот „Ремонт на транспортни хеликоптери" составена од четири претставници од Министерството за одбрана и три претставници од Министерството за внатрешни работи кое истите ќе ги номинира во рок од три дена.

3. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од три дена да формира петчлена работна група составена од два претставника од Министерството за одбрана и по еден претставник од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки и Секретаријатот за законодавство кои истите ќе ги номинираат во рок од три дена, со цел да ја разгледа потребата од изменување и дополнување на Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/19) за да се земат предвид различните постапки кои постојат во други држави.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Гелевски против Северна Македонија А.бр. 28032/12, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Средствата треба да бидат исплатени најдоцна до 5 април 2021 година.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија”, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда – Управа за извршување на санкциите во јуни 2021 година до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, со Предлог-одлука ја усвои Инфорацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го симна од Дневен ред Меморандумот за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1385 на Советот од 1 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерство за животна средина и просторно планирање.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 – 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центарот за образование на возрасните и Центарот за стручно образование и обука, во 2021 година да ги достават податоците наведени во точката 3 од оваа информација до крајот на април за претходната година.

2. Се задолжува Министерството на труд и социјална политика во март 2022 година да ја извести Владата за целосната имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 – 2021 година.

3. Се задолжува Министерството на труд и социјална политика до март 2022 година да го подготви Работниот план за преглед на занимања 2022 – 2025 година.

## Точка 42

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 44

Владата ја разгледа Иницијативата доставена од Дарко Јаневски од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 27/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, ја оспорува уставноста на член 2 став 1, член 7 став 4 и став 6 и зборовите „и електронски" од член 14 став 1 алинеја 1 од Законот за објавување на законите и на другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21), од причина што смета дека истите не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека оваа одредба од Законот доведува до правна несигурност кај граѓаните.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби не се во согласност со член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, односно

дека законодавецот при носењето на Законот ја немал предвид оваа одредба од Уставот, во која е утврдено дека законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Закон.

Со Законот за објавување на законите и на другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" се уредува објавувањето на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија, како и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија".

Во Законот е утврдено дека објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" е од јавен интерес, а работите од јавен интерес ги врши Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" -Скопје.

Донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" е во правец на следење на постојниот тренд во оваа област и е изработен согласно со компаративните искуства во областа на објавување на законите и на другите прописи и акти во службените гласила во земјите од регионот, а особено искуството на Република Словенија, како земја членка на Европската Унија.

Имено, во Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија" во член 2 став 1 е утврдено дека објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" е од јавен интерес, а во ставот 2 од истиот член е утврдено дека законите и другите прописи и акти од членот 3 став 1 од Законот се објавуваат во печатеното и во електронското издание на „Службен весник на Република Северна Македонија", кое содржи електронски потпис и печат, со што се гарантира неговата идентичност и автентичност со печатеното издание и е објавено на веб-страницата на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија".

Се смета дека неосновано е барањето за поништување на член 2 став 1 од Законот, со оглед дека во оваа одредба само е утврден јавниот интерес на објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија".

Улогата, функцијата и значењето на објавувањето на законите и на другите прописи и акти во службените гласила, во секоја правна држава е од особено значење од аспект на почитување на правото на граѓаните да имаат пристап до содржината на прописите кои се однесуваат на одделни права и обврски што тие ги имаат, согласно со законите и другите прописи, што е секако во правец на развој и унапредување на демократските процеси во Република Северна Македонија.

Во членот 7 од Законот, утврдено е дека „Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба, при што петте нови ставови се однесуваат на

денот на издавање на поединечниот број на „Службен весник на Република Северна Македонија“ при што е утврдено дека тоа е датумот кој е означен на електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија“, при што електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија“ мораат да имаат ист датум.

По исклучок, доколку електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија“ немаат ист датум, како ден на издавање ќе се смета датумот на електронското издание. Воедно, се утврдува дека електронското и печатеното издание на „Службен весник на Република Северна Македонија“ имаат ист текст и содржина и еднаква правна важност. По исклучок, доколку се појави неусогласеност помеѓу текстот и содржината на електронското и печатеното издание, за точен односно правно валиден ќе се смета текстот објавен во електронското издание.

Подносителот на Иницијативата при оспорувањето на уставноста на ставовите 4 и 6 од членот 7 од Законот, утврдените исклучоци во однос на неусогласеноста во поглед на датумот на издавањето и во поглед на неусогласеноста на текстот и содржината на електронското и печатеното ги третира како правило, а основот на неуставноста на оспорените одредби ги темели на претпоставки.

Во оспорениот член 14 став 1 е утврдено дека покрај другите извори на финансирање Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ средствата за работа ги остварува од приходи од своето работење и тоа од претплата, односно продажба на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена и електронска форма и на другите изданија кои ги издава Јавното претпријатие, во печатена и електронска форма. Поаѓајќи од фактот дека Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, средствата за работа ги обезбедува од сопствени приходи и дека во основа членот 14 од Законот нема некоја суштинска промена со оглед дека и претходно средствата за работа на Јавното претпријатие се обезбедуваа од приходи од работењето и тоа од претплатата и продажната цена на „Службен весник на Република Северна Македонија“, надоместоци за извршени услуги, приходи од издавачка дејност во печатена или електронска форма, едукативни семинари и од други извори. Со оглед на тоа, се смета дека оваа одредба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и неосновано е барањето на подносителот на Иницијативата за укинување на членот 14 од Законот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека оспорените член 2 став 1, член 7 став 4 и став 6 и зборовите „и електронски“ од член 14 став 1 алинеја 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1, член 7 став 4 и став 6 и зборовите „и

електронски“ од член 14 став 1 алинеја 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 5/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21 став 1 точки 6 и 7, член 337 став 1 точка 3 и член 474 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспоруваат член 21 став 1 точки 6 и 7, член 337 став 1 точка 3 и член 474 став 1 од Законот за кривичната постапка. Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека „Со оспорената одредба од Законот за кривична постапка, не само што се повредува неотуѓивото право на човекот/граѓанинот за судска заштита, од повредата на неговото право, туку се прави и директна дискриминација/ подвојување на самите права кои се уставно заштитени и тоа: едните кои се во надлежност за процесирање од страна на повредените, а други кои се во надлежност само, исклучиво и конечно на Јавното обвинителство!“ Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека „Со воведување на исклучива надлежност Јавното обвинителство да цени, дали некому е повредено некое уставно гарантирано право или не, а при тоа лицето кому правото е повредено да нема право, дополнително да побара судска заштита од повредата на правото, се наметнува заклучок за недозволивост на позицијата на Јавното обвинителство кој, во ваков случај, неуставно и незаконски:
- Се јавува во улога на судски орган, кој не само, надвор од своите овластувања однапред, без регуларна судска постапка „пресудува“ дали едно дејствие со кое се врши повредата на нечие уставно право е кривично дело.
- Се јавува во улога на „старател“ на оштетеното лице/жртвата од повреденото уставно право, кое, лице, на ваков начин, законски се третира како лице без моќ на расудување (ретардирано) па законски - само Јавното обвинителство го стекнува правото да се јави како негов овластен тужител.
- Се јавува, а приори, и како „ослободител“ од вина/одговорност на сторителот за стореното дејствие со кое на некое лице му го повредил правото.
- Двостепеноста по повод евентуалната жалба во Вишото јавно обвинителство против решение на Основното јавно овинителство за отфрлање/одбивање на кривична пријава од оштетено лице/жртва од повредата, не е супститут на судска заштита, туку останува во рамките на истиот државен орган (Јавно обвинителство) кој, при тоа, не прераснува во судски. Но, неговото решение прераснува/добива значење и предизвикува последица како да се судски без никаква правна можност од корекција по било каква иницијатива/барање/тужба од лицето чии права се повредени.

Понатаму, во Иницијативата подносителот истакнува дека „Јавното обвинителство како орган е само една од страните/странките во постапката пред судските органи. Со постоечкото оспорено законско решение на Јавното обвинителство му се даваат прерогативи на орган со право на супремација, кое самостојно и независно одлучува за материја за која е надлежен исклучиво судот.

Според подносителот на Иницијативата „Со оспореното законско решение директно се ограничува уставно гарантираната позиција на судот како самостоен и независен орган на власта. Имено, тој го губи правото самостојно и независно да суди за повреди на правата на човекот/граѓанинот, доколку како тужител не се јави Јавното обвинителство. На таков начин Јавното обвинителство го става судот во подредена и зависна положба. Имено, судот и неговото постапување непосредно/директно зависи од ставот на Јавното обвинителство, иако, како што е веќе речено Јавното обвинителство е само една од странките во постапката пред судот“.

Во членот 21 каде што е дефинирано значењето на поимите, поимите „приватен тужител“ и „тужител“ се дефинирани на следниов начин:
„6) Приватен тужител е лице кое поднело приватна тужба заради гонење на кривични дела кои се гонат по приватна тужба;
7) Тужител е јавниот обвинител и приватниот тужител;“.

Значајно е да се истакне дека поради напуштање на супсидијарната тужба, како „тужител“ според Законот за кривична постапка може да се јави:
а) јавниот обвинител, за дела што се гонат по службена должност и за дела за кои постои предлог за гонење од страна на оштетениот; и
б) приватниот тужител како физичко лице кое поднело приватна тужба заради гонење на кривични дела кои, според одредбите на Кривичниот законик, се гонат по приватна тужба.
Правата и обврските на јавниот обвинител се утврдени во член 39 од Законот за кривичната постапка. Материјата за приватниот тужител е детално уредена во членовите од 58 до член 68 од Законот за кривичната постапка.
Во член 337 од Законот за кривичната постапка е пропишано:

„Член 337
Основи за одбивање на обвинителниот акт како неоснован

(1) Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт со посебно решение ќе го одбие обвинителниот акт како неоснован во однос на сите или одделни кривични дела, ако утврди дека:
1) делото што е предмет на обвинителниот акт не е кривично дело;
2) постојат околности што ја исклучуваат кривичната одговорност, а нема основ за примена на мерки на безбедност;
3) нема барање од овластен тужител, предлог на оштетениот или одобрение од надлежен државен орган, ако е тоа потребно според законот, или дека постојат околности што го исклучуваат гонењето или
4) нема доволно докази во прилог на обвинението.

(2) Кога судијата или советот за оцена на обвинителниот акт ќе донесе решение во смисла на ставот (1) од овој член ги доставува списите до јавниот обвинител.“.

Во членот 474 од Законот за кривичната постапка е уредено:

„Член 474
Отфрлање на обвинение

(1) Судијата ќе го отфрли обвинителниот предлог или приватната тужба ако најде дека постои некоја од основите предвидени во членот 337 од овој закон.
(2) Решението се доставува до јавниот обвинител или до приватниот тужител.“.

Во член 50 во ставот 1 од Уставот е утврдено дека:

„Член 50

Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.“.

Во Амандманот XXV од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека:

„1. Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.“.

Во член 106 од Уставот на Република Северна Македонија, меѓу другото, е пропишано дека:
„Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.“.

Се смета дека изнесените наводи во Иницијативата се несоновани од следниве причини: имено, една од позначајните новини кои беа пропишани во Законот за кривичната постапка од 2010 година е напуштањето на институтот на супсидијарна тужба. Главен аргумент на постоењето на овој институт беше контрола на решенијата на јавниот обвинител за отфрлање на кривичните пријави од страна на оштетениот, кој можеше до судот да го продолжи кривичното гонење. Според новиот концепт на законот, јавниот обвинител е субјектот кој ја води истражната постапка и кој одлучува за нејзино поведување. Пропишани се забрзани постапки за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот во истражната постапка, постапка за издавање на казнен налог. Очигледно неспојливо е друг субјект да ја спроведува истражната постапка или да му издаде наредба на јавниот обвинител, кој веќе ја отфрлил кривичната пријава,

да спроведе истражна постапка. Сосема незначителниот број на успешни супсидијарни тужби пред судовите согласно решението од претходниот Закон за кривична постапка, исто така беше една од главните причини за напуштање на овој институт. Од друга страна, оштетените користејќи го ова право, во многу случаи и тенденциозно, непотребно ги оптоваруваа судовите со предмети. Контролата на решенијата за отфрлање на кривичната пријава сега се остварува со право на оштетениот за поднесување жалба до повисокиот јавен обвинител. Доколку јавниот обвинител донесе решение за отфрлање на кривичната пријава, примерок од него му доставува на оштетениот, со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител. Со ваквото законско решение се задоволуваат меѓународните стандарди, за правото на жалба против сите првостепени одлуки на државните органи. Од друга страна, во практиката кога повисокиот јавен обвинител, остварувајќи го своето право на надзор врз работата на пониските јавни обвинителства, ќе констатираше неправилно донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, немаше никаква процесно - правна можност да ја отстрани оваа неправилност (незаконитост).

Сега преку овој институт повисокиот обвинител, по изјавена жалба од оштетениот, би можел да ја отстранува оваа незаконитост. Освен на оштетениот, на кого му се доставува примерок од решението со наведената поука, подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето. Повисокиот обвинител, постапувајќи по жалбите поднесени од оштетените може да донесе два вида на одлуки. Доколку оцени дека жалбата на оштетениот е неоснована, со решение го потврдува решението за отфрлање на кривичната пријава донесена од страна на основното обвинителство. Повисокиот обвинител со решение може да ја уважи жалбата на оштетениот и да го задолжи понискиот обвинител да ја продолжи постапката.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 21 став 1 точки 6 и 7, член 337 став 1 точка 3 и член 474 став 1 од Законот за кривичната постапка, се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21 став 1 точки 6 и 7, член 337 став 1 точка 3 и член 474 став 1 од Законот за кривичната постапка.

## <u>Точка 46</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 точка 8, член 19 и член 20 од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 14/20), а во врска со членот 112 став (5) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), поднесено од пратеникот Снежана Калевска Ванчева и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 3 став (1) точка 8 од Законот за приватните агенции за вработување „Основни услови за работа и вработување" претставуваат услови за работа и вработување утврдени со закон, колективните договори и актите на работодавачот корисник, кои се однесуваат на должината на работното време, прекувремената работа, паузите, периодите за одмор, ноќната работа, празниците и надоместоците.

Понатаму, во членот 19 од истиот Закон, се предвидува дека основните услови за работа и вработување на привремените агенциски работници кои треба да бидат исполнети за времетраењето на нивното отстапување кај работодавачот корисник, се истите оние услови кои би се обезбедувале доколку работниците би биле вработени директно од страна на истиот работодавач, за извршување на истата работа.

Членот 20 во иста насока, дефинира дека правата коишто произлегуваат од работниот однос, содржани во општите прописи за работните односи и безбедност и здравје при работа, се однесуваат и на привремените агенциски работници од приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања.

Членот 112 став (5) од Законот за работните односи утврдува дека во случаите од ставот (4) на истиот член, надоместокот на плата за привремените агенциски работници кои со договор за отстапување преку Агенцијата за привремени вработувања се отстапени кај работодавач корисник, обврската за исплата на надоместокот на плата е на товар на работодавачот корисник.

Во барањето за автентично толкување на наведените членови од Законот за приватните агенции за вработување, во корелација со членот 112 став (5) од Законот за работните односи, се наведува дека, согласно дефинирањето содржано во член 112 став (5), обврската за исплата на надоместокот на плата е на товар на работодавачот корисник, но само кога се работи за неспособност за работа на работникот за работа поради повреди настанати заради необезбедување на мерките утврдени со прописите од областа на безбедност и здравје при работа од страна на работодавачот (член 112 ставови (3) и (4)).

При примената на Законот за приватните агенции за вработување, треба да се има предвид дека се работи за „lex specialis" кој се однесува на основањето и функционирањето на приватните агенции за вработување. Со оглед на фактот што овие агенции, доколку имаат лиценца за привремени вработувања, се занимаваат и со отстапување на своите работници кај друг работодавач, односно работодавач корисник, законот ја уредува и положбата на отстапените агенциски работници, односно нивните права, како и правата и обврските на работодавачот корисник.

Во меѓународни рамки, отстапените агенциски работници се сметаат како работници во несигурна положба и оттаму е потребата нивните права да се потенцираат во наведениот Закон. Затоа, во членовите 19 и 20 од овој закон, покрај дефиницијата во член 3 став (1) точка 8, се предвидува дека основните услови за работа и вработување на привремените агенциски работници кои треба да бидат исполнети за времетраењето на нивното отстапување кај работодавачот корисник, се истите оние услови кои би се обезбедувале доколку работниците би биле

вработени директно од страна на истиот работодавач, за извршување на истата работа и дека правата коишто произлегуваат од работниот однос, содржани во општите прописи за работните односи и безбедност и здравје при работа, се однесуваат и на привремените агенциски работници од приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања. Целта на ваквото уредување е очигледна и се состои во нивно изедначување во правата, со работниците коишто се директно вработени кај работодавачот корисник.

Следствено, доколку овие три члена упатуваат на правата и обврските за работниците и работодавачот содржани во Законот за работните односи и Законот за безбедност и здравје при работа и притоа експлицитно се предвидува дека тие треба да бидат исти со оние кои се однесуваат и на директно вработените лица, упатува дека ова не се однесува само на надоместокот на плата во случај на неспособност за работа на работникот поради повреди настанати заради необезбедување на мерките утврдени со прописите од областа на безбедност и здравје при работа од страна на работодавачот. Дотолку повеќе, што членот 27 став (1) од Законот за приватните агенции за вработување понатаму прецизира дека приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања подготвува и доставува посебна пресметка за плата и надоместоци на плата, за вработените кај работодавачот корисник, за секој работодавач корисник поединечно и за вработените во приватната агенција за вработување поединечно. Исплатата на работникот му ја врши приватната агенција, но истата е на товар на работодавачот корисник.

Воедно, се укажува да се имаат предвид и член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/8, 119/10 23/13 и 152/19), според кој, барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на законите во нивното работење и член 176 од Деловникот, согласно кој барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, кое, доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Според истиот член од Деловникот автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на наведените одредби, бидејќи истите се јасни и не оставаат простор за двосмисленост и поинакво толкување.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15431 и 15672 за КО Горно Лисиче-Вонград на КП бр. 3869 во викано место/улица Купријан и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1455 за КО Центар 1 на КП бр. 8532 викано место Ј.Сандански со површина од 37м2, со дополнувањето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Николова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 55444 за КО Центар 1 на КП бр. 10098 и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 3007 и Имотен лист бр. 17489 за КО Кавадарци на КП бр. 14466 во место викано Галишка и не ја прифати истата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96617 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 1, КП бр. 8692 дел 2 викано место/улица 171 и Имотен лист бр. 8282 за КО Центар 1 на КП бр. 8692 дел 11 викано место/улица 171 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Налог за извршување кај пристапување кон извршување, доставен под И.бр. 573/21 од 1 март 2021 година за КО Гиновци за наредната седница на Владата поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности да достават мислења по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 53

Владата го разгледа Известувањето од извршител Моника Муча од Скопје, за налог за извршување, доставен под И.бр. 472/2020, за КО Ѓорче Петров 2 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата го разгледа Известувањето од Извршител Даница Страчкова од Скопје за Заклучок за прва повторена усна јавна продажба, доставен под И.бр. 568/19 за КО Матка-вонград и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 55

1. Владата го разгледа Извештајот на Комисијата за разгледување на пријавите доставени од кандидати по огласот за именување на два члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и согласно член 18 од Законот за енергетика заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да го именува Андреј Тасев.

2. Владата на Зоран Исајловски отповикан од должноста управител на Трговско друштво Нафтовод Дооел Скопје, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 15.12.2020 година до 15.9.2021 година.

3. Владата го именува Авдуљ Селам Селами за заменик-директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на должноста заменик-директор на Управата за јавни приходи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Ремзи Абдулахи за заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата на Чедо Милошески, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево, му ја продолжи функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево за период од 1 (една) година до навршување на 65 години возраст, сметано од 21.1.2021 година, а заклучно со 21.1.2022 година.

6. Владата на Љупка Попеска, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид и ја продолжи функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид за период од 1 (една) година до навршување на 65 години возраст, сметано од 21.10.2021 година, а заклучно со 21.10.2022 година.

7. Владата ја разреши м-р Билјана Прентоска од должноста генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

7.1. Владата ја именува Татјана Краљевска-Лазарова од Министерството за култура за генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

## Точка 56

1. Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

2. По повод посетата на високата делегација од Народна Република Кина во Република Северна Македонија, Владата заклучи кинескиот ресторан во Скопје на 30 март 2021 година да работи подолго од дозволеното работно време, за потребите на делегацијата.

3. Владата се информираше со Дополнителното известување во врска со донесените одлуки за воспоставување на електронски систем за следење и пронаоѓање акцизни добра и лекови, доставено од Стопанска комора на Северна Македонија под бр. 08-15/9 од 23 март 2021 година.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 20 март 2021 година до 26 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

5. По повод Барањето на Министерството за правда за измена на Заклучок, доставено под архивски број 21-807/1 од 18 март 2021 година, а во врска со Заклучокот број 15 од Нацрт-записникот од 50-та седница на Владата, одржана на 2 март 2021 година, по Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„15. Се задолжува Министерството за економија во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните установи согласно препораките за надминување на детектираните слабости во извештајот на Транспаренси интернешнел и Државната комисија за спречување на корупцијата.“.

6. Владата по Информацијата за имплементација на петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19 заклучи:

1) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со сите министерства и останати институции задолжени за имплементација на петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на КОВИД-19 да ги искоординира сите аспекти во врска со проблемите во реализацијата на мерките, со цел во најбрз можен рок преземање на сите потребни активности за операционализирање на мерките од страна на задолжените министерства и институции.

2) Мерката број 12 - Финансиска поддршка на хотели кои функционираат надвор од туристичките центри, а кај кои не се користени ваучери да ја спроведе Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со д-р Драги Рашковски, секретар за мониторинг и поддршка на институциите при реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и на стратешките проекти и Министерството за економија.

3) Се задолжува Секторот за односи со јавноста на Владата да преземе активности (организација на прес конференција) за информирање на јавноста за позитивните ефекти и влијанието на економијата во Република Северна Македонија со спроведувањето и реализацијата на претходните четири сетови економски мерки кои ги усвои Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 57

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за февруари 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 58

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година.

**Точка 60**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Годишниот извештај за работа на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 61**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Советот за стручно образование и обука за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2020 година на Управата за финансиска полиција, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со работата на Градски трговски центар Скопје, како и текот, односно користењето на паричните средства во износ од 109.000.000,00 денари депонирани на банкарската сметка во Уни банка АД Скопје, во сопственост на АД ГТЦ Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Програмата за заштита на природата за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализиција на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на координативно тело за поддршка и одржлив развој на Преспанскиот Регион, со Предлог-одлука и Предлог-решение ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за формирање на Координативно тело за поддршка и оддржлив развој на Преспанскиот Регион, во предложениот текст.

2. Решение за престанок на важење на Решението за именување на членови на работна група за поддршка на Преспанскиот Регион, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари, Општина Штип, Општина Кочани, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Берово, Општина Пехчево, Општина Куманово, Општина Тетово, Општина Гостивар, Општина Прилеп, Општина Битола, Општина Берово, Општина Велес и Општина Крива Паланка, со предлог–одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово.

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар.

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп.

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола.

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес и

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка,

со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на одлуките со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со статусот на обештетување на поплавените лица во Скопскиот Регион за поплавените од август 2016 година за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика со цел заземање и предлагање на заеднички став на Владата.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска и ја донесе Одлуката за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска, во предложениот текст, со заклучок Министерството за финансии, во соработка со Министерството за надворешни работи и Министерството за култура да ги обезбеди потребните финансиски средства за оваа намена.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Министерството за информатичко општество и администрација и на Министерството за локална самоуправа, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација, во предложениот текст и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за локална самоуправа, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Државниот завод за ревизија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот завод за ревизија, во предложениот текст.

Точка 72

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за добивање согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за управување со одземен имот за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради дополнителни усогласувања.

Точка 73

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата со статус на реализација на економски мерки за справување со КОВИД-19, со Извештај (нов текст).

Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Точка 75

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика и Иљми Селами, заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

## Точка 76

Владата го разгледа Меморандумот за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 Д автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија, го прифати усогласениот текст кој Министерството за транспорт и врски ќе го достави до Владата и ги овласти Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје да го потпишат усогласениот текст на Меморандумот за разбирање во соработка за конструкција на Коридорот 8, Проектот за автопат Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан и конструкција на Коридорот 10 Д автопатот Прилеп – Битола помеѓу Bechtel & Enka и Владата на Република Северна Македонија, како и по обезбедени мислења од Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев